UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 12

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP

FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 12 VOLUME XII

YEAR 2021

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**

**FACULTY OF LAW**

**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**
**Year 2021, Issue Number 12**
**ISSN 2545-4021**
**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D
**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for
Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"
**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M
**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
**Language editor**
Sladjan Spasovski
(Macedonian language)
**Technical editor**
Slave Dimitrov
**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА

*ГЕОРГИЕВА Даниела*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ФЕМИЦИД ............................................................5

*ПАНЕВСКИ Перица*
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И АСПЕКТИ НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ: СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ............................................................19

*СУРЛОВА Розе*
АНАЛИЗА НА МЕРКАТА ПРИТВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ ВО НАШЕТО ЗАКОНОДАВСТВО ............................................................33

*ШАЛЕВА Корнелија*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО КАКО НАСИЛЕН КРИМИНАЛИТЕТ .........................43

**ШАЛЕВА Корнелија**

**УДК: 343.611-055.1**
**364.632/.633**

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО КАКО НАСИЛЕН КРИМИНАЛИТЕТ

**Апстракт:** Како резултат на гнев, љубомора, страв или други негативни афекти, кога настанува закана дека ќе се примени или веќе се применува недозволена сила спрема друг, која доведува до повреда или загрозување на психичкиот или физичкиот интегритет на жртвата претставува насилство. Главни форми на насилство се: физичко, психичко и сексуално насилство. Како посебни видови на насилство, во зависност од тоа дали се врши врз поединец или врз група (колективитет), се издвојуваат поединечно и колективно насилство.

**Клучни зборови:** *убиство, мажи, жени, дефиниции, жртви ...*

**SHALEVA Kornelija**

**UDK: 343.611-055.1**
**364.632/.633**

# CRIMINAL ASPECTS OF MURDER AS VIOLENT CRIME

**Abstract:** As a result of anger, jealousy, fear or other negative effects when a threat occurs that unlawful force will be applied or is already being applied to another that leads to injury or endangerment of the victim's mental or physical integrity is violence. The main forms of violence are physical, psychological, and sexual violence. Individual and collective violence stand out as separate types of violence, depending on whether it is committed against an individual or a group (collectivity)

**Keywords**: *murder, men, women, definitions, victims ...*

## ВОВЕД

Како резултат на гнев, љубомора, страв или други негативни афекти, кога настанува закана дека ќе се примени или веќе се применува недозволена сила спрема друг, која доведува до повреда или загрозување на психичкиот или физичкиот интегритет на жртвата претставува насилство. Главни форми на насилство се: физичко, психичко и сексуално насилство.

Физичката сила проследена со нејзина намерна употреба, која може да биде предизвикувач или веќе е предизвикувач на смрт на жртвата, повреда или телесна болка преставува физичко насилство.

Од друга страна, секој акт на намерен напад врз психичкиот интегритет на другиот кој поттикнува и предизвикува закани, емоционално уценување, психофизичко исцрпување, душевно страдање, психички повреди и нарушување на слободата на избор е психичко насилство.

Сексуалното насилство подразбира принуда на некое лице на сексуален чин – обљуба, со неа изедначен чин или друго полово дејствие, како и секоја сексуална злоупотреба со свесно наведување на

другиот на учествување во несакан сексуален однос искористувајќи ја немоќта на жртвата или зависноста на жртвата во нивниот меѓусебен однос.[1]

Како посебни видови на насилство во зависност од тоа дали се врши врз поединец или врз група (колективитет), се издвојуваат поединечно и колективно насилство. Кога станува збор за поединечно насилство е јасно дека се работи за насилство насочено спрема определено лице, а што се однесува до колективното насилство тоа е насочено кон економски, социјални или политички целни групи.

Според некои автори, насилничкиот криминалитет е вид на агресија насочена спрема определено лице. Така, според Арнаудовски и Бошковиќ насилничкиот криминалитет претставува екстремен облик на агресија.[2] Само што според Арнаудовски се манифестира како нелегитимна и неоправдана примена на физичка или психичка сила. А, според Бошковиќ насилничкиот криминалитет е примена само на физичката агресивност, физичкото насилство, а ја изостава психичката агресивност. Насилството претставува дрска и безобѕирна примена на физичка сила, противправно загрозување на човечкиот интегритет и други јавни добра и општествени вредности.[3]

**Материјал и методи ( Material and methods )**

Податоците кои се истражувани за изработка на овој труд се од пишани студентски книги, зборници, научни трудови на домашни и странски автори, национални закони, а методи кои се користени се: методот на анализа, методот на дескрипција, методот на синтеза, методот на конкретизација, методот на компилација, методот на студија на случаи, статистичката метода и графичка метода.

**Резултати и дискусија ( Results and discussion )**

Постојат голем број на легални дефиниции за убиството според различните легални речници, но за овој труд ќе бидат издвоени две дефиниции чија намена ќе доведе до доловување на суштината на самото убиство и кои се неговите составни елементи. Така, првата легална дефиниција вели дека убиството се случува кога едно човечко суштество предизвикува смрт на друго.[4]

Или како што втората легална дефиниција наведува:

Актот на убиство е акт на директно уништување на човековиот живот, со него се загрозува темелното право на неприкосновеност на животен и темелен интегритет на човекот.[5]

Овие две легални дефиниции за убиството посочуваат дека убиството претставува директно одземање на еден човечки живот од страна на друг човек, проследено со загрозување на основното право на живот и индиректни последици за неговите блиски лица кои автоматски стануваат индиректни жртви и за нив е ненадоместлива загубата што ја претрпеле.

**1. Распространетост на убиството**

Иако можеби при првите согледувања изгледа дека убиството е едно од најчестите кривични дела поради сѐ поголемиот број на криминалистички филмови во кои главна тематика е убиството, реалноста е сосема спротивна, што значи убиството спаѓа во ретките кривични дела и во структурата на криминалитетот има ниско учество. Сепак, зачестеноста на убиството е различна од земја во земја. Поголеми стапки на

---

[1] Ignjatovic Đ., Simeunović – Patić B. (2015) Viktimologija – Opšti deo. Beograd, str.64

[2] Под агресија се подразбира неизвесен напад со цел да се потчини и освои некого, која не придонеува за разрешување на проблемот, туку за негово дополнително усложнување.

[3] Boskovič, M., (2007) Kriminologija, Pravni fakultet, Novi sad. str. 265

[4] Legal Information Institute. Преземено на 01 септември 2021 година. https://www.law.cornell.edu/wex/homicide

[5] Димоски Д., (2015) Класифицирани убиства според начинот на извршување, Правен факултет Ниш. стр.3

виктимизација од овој вид на насилнички криминалитет има во земјите со етничка хетерогеност и во земјите во кои начинот на решавање на несогласувањата се состои од културално поддржување и оправдување на насилството.

Во САД постојат неколку методи за мерење на степенот на убиства меѓу кои спаѓаат *Uniform Crime Reports* кои обезбедуваат податоци за криминалитет на годишно ниво собирани преку агенциите за спроведување на законот, *потоа the Suplemental Homicide Reports* кој служи за обезбедување на информации за секое убиство кое е заведено во *UCR*. *SHR* ги вклучува годините, расата, полот на жртвите и извршителите доколку се фатени, како и информации кои се однесуваат на оружјето кое било користено и ситуациони информации како што е врската помеѓу жртвата и извршителот и околностите кои довеле до убиството.[6] Според *SHR* карактеристично за жртвите и извршителите на убиство е што повеќе од 3,6 пати од жртвите и 8,1 пати од извршителите се мажи, а највисока стапка за виктимизација и за извршување на убиство е присутна кај младите возрасни луѓе од 18 до 24 години и убиствата најчесто се случуваат помеѓу луѓе кои се познаваат меѓусебно и голема зависност има полот на жртвата. А тоа значи дека речиси 33% од жените станале жртви на убиство бидејќи биле убиени од своето момче или својот сопруг, додека од друга страна 3% од мажите станале жртви на убиство бидејќи биле убиени од својата девојка или жена.

И последниот од методите за мерење на степенот на убиства во САД е *NCHS* кој обезбедува податоци за жртвите и извршителите на убиство преку смртовниците кои ги добива од *Vital Statistics Division на NCHS* преку специфични кодови кои дозволуваат пристап преку внесување на определени карактеристики како што се: години, пол, потекло, раса и сл.

### 1.1 Податоци за убиството на глобално ниво во периодот од 1998-2018 година

Од 1997 година функционира *United Nations Office for Drugs and Crime* во понатамошниот текст *UNODC* која собира информации во врска со убиствата сторени со умисла во 219 држави од криминално правните агенции и агенциите за јавно здравје. Според податоци на *UNODC* може да се констатира дека во периодот од 1990-2018 година највисока стапка на убиства во светот имало во 1993 и 1994 година со 7,4 % од вкупниот криминалитет, а најниска во 2005 година со 5,9 % од вкупниот криминалитет.

Податоците за стапката на убиства во светот, според континенти и конкретно во државите: Авганистан, Лесото, Италија, Мексико, Канада и Австралија се преземени од *UNODC*.[7]

Така, во Авганистан стапката на убиства била највисока во 2015 година со 9,8% од вкупниот криминалитет, а најниска во 2010 година со 3,4%. Додека пак во Лесото стапката на убиства била највисока во 2007 година со 45% од вкупниот криминалитет, а најниска во 2013 година со 31,8%. Во Италија највисока била во 1991 година со 3,1% од вкупниот криминалитет, а најниска во 2017 и 2018 година со 0,6% од вкупниот криминалитет. Во Мексико највисока стапка на убиства имало во 2018 година со 29,1% од вкупниот криминалитет, а најниска во 2007 година со 8,1%. Канада со највисока стапка на убиства се соочувала во 1991 година со 2,7% од вкупниот криминалитет, а со најниска во 2010 и 2012 година или поточно со 1,6% од вкупниот криминалитет. И Австралија соочување со највисока стапка на убиства од вкупниот криминалитет имала исто така во 1991 година, но износот бил 2,0% односно помал од оној на Канада, додека со најниска стапка на убиства имала во 2017 година со 0,8% на убиства. Исто така, од 1951 година, податоци за убиствата во 120 држави собира и Светската здравствена организација од индивидуални смртовници.

---

[6] Leah E., D., (2018) Victimology The Essentials, Los Angeles, London, New Delhi, Singapore, Washington Dc, Melbourne. page.150

[7] UNODC. Преземено на 22 август 2021 година https://dataunodc.un.org/data/homicide/Homicide%20victims%20worldwide

**1.2 Убиството во Република Македонија и неговата распространетост**

Обработка на убиствата во нашата земја постои во Кривичниот законик на Република Македонија, во четиринаесетта глава, каде во член 123 став 1 се наведува: Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор најмалку пет години.[8] Законодавецот убиствата ги сместил во групата на кривични дела против животот и телото.

При одмерување на казната законодавецот ги ценел околностите под кои е извршено кривичното дело за што предвидел затворска казна од пет години до доживотна затворска казна.[9] Во Кривичниот законик постои поделба на класични убиства, на квалифицирани (тешки) и привилегирани (полесни) убиства кои ќе бидат малку поопширно објаснети во понатамошниот текст.

Во Република Македонија стапката на убиства според *UNODC* била највисока во 2003 година и изнесувала 3,4% од вкупниот криминалитет, а најниска била во 2013 година и изнесувала 1,1 % од вкупниот криминалитет.[10] (Слика 1 и 2 стр. 20)

Податоците од табела 1 подолу на страна 20 од овој труд се преземени од Државен завод за статистика и прикажуваат дека во периодот од 2017 до 2020 година најмногу извршители на убиство во нашата земја биле осудени во 2017 и 2019 година и тоа 20 лица, додека во 2018 година убиство извршиле 16 лица, а во 2020 година 14 лица. Од вкупно осудените лица во 2017 и 2019 година само едно лице кое извршило убиство било жена, додека останатите 19 лица кои извршиле убиство биле мажи. Во 2018 од сите 16 осудени лица за убиство, ниедно лице не било жена, односно овие 16 лица кои биле осудени за убиство биле мажи и во 2020 година исто така, четиринаесетте лица кои извршиле убиство биле мажи.[11]Па така, како што беше наспоменато и претходно во врска со виктимизацијата од убиство на светско ниво може да се каже дека е еден од ретките насилнички криминалитети чие споредување помеѓу државите може да се прави како резултат на договорите склучени помеѓу нив.

**1.3 Кој може да биде извршител и жртва на убиство**

Иако, според постојаните истражувања на убиствата се укажува на тоа дека секое лице има потенцијална опасност да стане жртва на убиство, сепак постојат определени предиспозиции определено лице да стане жртва на убиство. Тоа се како што ќе биде наведено и во факторите на ризик кои придонесуваат едно лице да биде под потенцијална опасност да стане жртва на убиство: полот, возраста, брачниот статус, емоционалноста, како и нејзиниот придонес за извршување на делото убиство.

Во светот, а и во нашата земја, според направените анализи како извршители на убиства најчесто се појавуваат лица од машки пол, додека бројот на жените како извршители на убиства е значително помал. Со оглед на телесната конституција на жената повеќето автори сметаат дека единствен начин жената да се јави како убиец би било ако ја нагласиме подмолноста во карактерот која ја има и која своевремено би ја преточила во начинот на нивно реализирање. Сепак, не постои разидување во мислењата дека жената и покрај сензитивната природа била и е застапена како сторител на ова кривично дело против животот и

---

[8] Кривичен законик, Редакциски пречистен текст. 2020 година https://pretsedatel.mk/wp-content/uploads/2020/03/Krivicen-zakonik.pdf

[9] Блажевска А.,В. Криминалистички карактеристики на убиствата во Република Македонија Докторска дисертација, стр.7 https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/11/disertatsija-doktorska.pdf

[10] UNODC. Преземено на 22 август 2021 година. https://dataunodc.un.org/content/data/homicide/homicide-rate

[11] Државен завод за статистика. Преземено на 29 август 2021 година http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniStoriteli/275_SK2_Mk_T13_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=429e8c23-e5d1-4fda-b74c-124769f94fd7

телото, иако во значително помал обем од мажите. Најголем процент од извршените убиства се темели врз база на нивната емотивна наклонетост кон жртвата, односно, како и сè друго што вршат жените и ова е поттикнато од нивните чувства. [12]

Или поинаку објаснето, бројот на жени извршители на убиства е помал од причина што жените почесто се жртви на семејно насилство, сексуално насилство или пак се жртви на семејно насилство врз нејзното/ите дете/деца, па не гледаат друг излез од ситуацијата во која се наоѓаат, освен да го убијат насилникот за голготата да престане.

Состојбата во која жената го убива својот насилник се смета како состојба на очај. Таа не би посегнала по неговиот живот доколку тоа не го смета за последна опција. Таа нема волја да го убие, туку само сака да стори нешто со што повредувањето ќе престане засекогаш.[13]

Најчесто жените како оружје за извршување на убиство го користат отровот, потоа можат да сторат убиства со примена на тапа сила, истрел, давење или гушење и ретко, но сепак присутно, убиство сторено со употреба на електрична енергија. Во случај пак на афектна состојба, го употребуваат првото достапно оружје, независно дали ќе биде кујнски нож, мотика и слично.

Од друга страна, типичниот вид на убиство во однос на полот се состои од инволвираност на личности од машки пол на двете страни што значи дека токму личностите од машки пол се тие кои страдаат од овој вид на насилнички криминалитет и кои и го извршуваат.

За претходно изнесеното, доказ е статистиката од *UNODC* (2014) прикажана и подолу во графиконот 1 на дваесетта страна - процентуално на глобално ниво 79% од жртвите на убиството се жените, а 95% од мажите се извршители на овој вид насилнички криминалитет.[14]

Социодемографските обележја влијаат на виктимизацијата од убиство, (огромната сиромаштија и социјалната маргинализација). Овие обележја во определени заедници, градови или региони доведуваат до тоа стапката на убиства да е пообемна. Еве доказ за тоа, во Соединетите Американски Држави традиција е Афроамериканците да бидат носители на повисока стапка на насилство и убиства во споредба со Американците.[15]

### 1.4 Фактори на ризик и карактеристики на виктимзацијата од убиство

Ризикот за виктимизација од убиства не е рамномерно распределен меѓу населението. Според тоа, вашиот ризик да станете жртва на убиство зависи од голем број карактеристики, вклучувајќи ги вашата возраст, вашиот пол, вашата раса, каде живеете и колку пари заработувате.[16]

Со други зборови, фактори што влијаат врз случувањето на убиствата се: полот, возраста, образованието, занимањето, брачната и семејната состојба, вработеноста, рецидивизмот, соучесништво во извршувањето.

---

[12] Кошевалиска О., Максимова Е., (2018), Криминолошки аспекти на убиството на дете при пораѓање вршено од страна на жена, Штип, стр. 563
https://eprints.ugd.edu.mk/20585/1/SO%20ole%20za%20repoz.pdf

[13] Максимова Е., (2020) Жени што убиваат (или повредуваат) од позиција на жртви на семејно насилство, Штип, стр.6
https://eprints.ugd.edu.mk/23305/1/Microsoft%20Word%20-%20Maksimova%20Elena_%EF%BF%BD%259B%EF%BF%BD%2595%EF%BF%BD%259A.docx.pdf

[14] UNODC (2014) page. 13. Преземено на 29 август 2021 година.
https://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/GSH2013/2014_GLOBAL_HOMICIDE_BOOK_web.pdf

[15] Schwartz J., (2010) Murder in a Comparative Context, page.276-299

[16] Leah E., D., (2018), Victimology The Essentials, page. 155

## 1.5 Видови на убиства

Како што беше претходно наведено во Кривичниот законик, постои поделба на класични убиства, на квалифицирани (тешки) и привилегирани (полесни) убиства, односно начини на лишување на едно лице од живот кое го врши друго лице.

Класично убиство, односно убиство, е она кое е наведено во член 123 и за него е предвидена казна затвор од најмалку 5 години.

Квалификуваното убиство ги содржи сите елементи на основниот облик на („обичното“) убиство, но од него се разликува по тоа што е извршено под определени дополнителни (квалификаторни) околности што значително го зголемуваат степенот на неправото и вината на сторителот, поради што законот предвидува можност за изрекување на најстрогата казна (доживотен затвор).[17] Во класифицирани (тешки) убиства спаѓаат: убиство на свиреп и подмолен начин (чл. 123 ст.2 т.1), убиство при вршење семејно насилство (чл.123 ст.2 т.2), убиство со умисла со доведување во опасност на уште некое лице (чл.123 ст.2 т.3), нарачано убиство (чл.123 ст.2 т.4), убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело или поради одмазда и омраза (чл.123 ст.2 т.5), лишување од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување (чл.123 ст.2 т.6), убиство на жена за која сторителот знае дека е бремена (чл.123 ст.2 т.7), лишување од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или е на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода (чл.123 ст.2 т.8). Како полесни убиства, поточно убиства од „привилегирани причини“ се сметаат: убиствата од благородни побуди (чл.124) убиствата на миг (чл.125), убиството од небрежност (чл.126) и убиство на дете при раѓање (чл.127).

Според околностите во кои биле извршени квалификуваните убиства, можат да се поделат на:

- Квалифицирани убиства според начинот на извршување: убиство на свиреп и подмолен начин (чл. 123 ст.2 т.1), убиство при вршење семејно насилство (чл.123 ст.2 т.2) и убиство со умисла со доведување во опасност на уште некое лице (чл.123 ст.2 т.3).

- Квалифицирани убиства извршени поради побудите, мотивите на извршителот се: нарачано убиство (чл.123 ст.2 т.4), убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело или поради одмазда и омраза (чл.123 ст.2 т.5), лишување од живот заради вадење на орган, ткиво или клетки за пресадување (чл.123 ст.2 т.6).
- Квалифицирани убиства поврзани со посебните карактеристики на жртвата се: убиство на жена за која сторителот знае дека е бремена (чл.123 ст.2 т.7), лишување од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или е на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода (чл.123 ст.2 т.8).
- Квалифицирани убиства поврзани со бројот на жртви - (убиство на повеќе лица - чл. 123 ст. 3.[18]

За да се одреди за каков вид на убиство станува збор, дали за обично, квалифицирано или убиства од привилегирани причини во определен случај се применува методот на елиминација, а тоа значи дека ако

[17] Каневчев М., Квалифицирани (тешки) убиства Правен факултет„Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје. стр. 1
http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Metodija%20Kanevcev.pdf

[18] Поделбата ја направил Каневчев М., Редовен професор на Правниот факултет “Јустинијан први” при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје

нема некои од претходно наведените карактеристики на квалифицираните и привилегираните убиства се работи за обично убиство.

Во нашата држава како најзастапен вид на убиство се смета обичното убиство, за тоа доказ е статистиката преземена од годишните извештаи на МВР за 2018, 2019 и 2020 година. Така, во 2018 година, биле извршени 17 убиства, а биле убиени 19 лица и во релација со видовите на убиства во нашата држава од квалификуваните убиства се извршени квалифицирани убиства според начинот на извршување и тоа: 1 убиство на свиреп и подмолен начин, 7 убиства при вршење на семејно насилство. Исто така, извршени се и квалифицирани убиства поврзани со бројот на жртви и тоа: 1 двојно убиство и едно тројно убиство. Останатите 4 убиства припаѓаат на обични убиства. Не е наведено дека се извршени привилегирани убиства.

Потоа, во 2019 биле извршени 22 убиства, а од живот биле лишени 23 лица. Од квалифицираните убиства биле извршени, најпрво 1 квалифицирано убиство според начинот на извршување и тоа: убиство со умисла со доведување во опасност на уште некое лице, како и квалифицирано убиство според бројот на жртви и тоа двојно убиство, а ова двојно убиство всушност го содржи претходно наведениот вид на квалифицирано убиство, затоа што било лишено од живот малолетно дете од 10 години. Останатите убиства веројатно преставуваат обични убиства бидејќи не е наведено дали се работи можеби за привилегирани убиства.

И во 2020 година се извршени 10 убиства од кои 5 убиства се квалифицирани и тоа 4 се квалифицирани убиства според начинот на извршување и тоа убиства при вршење на семејно насилство и едно е квалифицирано убиство според бројот на жртви односно преставува двојно убиство. Останатите пет веројатно се привилегирани или обични убиства, бидејќи како и за претходните две години е наведено дека само се извршени со огнено и ладно оружје и со давење.

**ЗАКЛУЧОК ( Concluding remarks )**

Доколку се применува закана или недозволена сила спрема друг која доведува до повреда или загрозување на психичкиот или физичкиот интегритет на жртвата станува збор за насилство, чиј настанок може да биде резултат на гнев, љубомора, страв или други негативни афекти. Општо земено, според некои автори насилничкиот криминалитет е вид на агресија насочена спрема определено лице. Меѓу тие автори се Арнаудовски и Бошковиќ.

Во овој труд, како еден од насилничките криминалитети од виктимолошки аспект беше обработено убиството кое претставува директно одземање на еден човечки живот од страна на друг човек, проследено со загрозување на основното право на живот и индиректни последици за неговите блиски лица кои автоматски стануваат индиректни жртви и за нив е ненадоместлива загубата што ја претрпеле.

Зачестеноста на убиствата варира од земја во земја. Поголеми стапки на виктимизација од овој вид на насилнички криминалитет има во земјите со етничка хетерогеност и во земјите во кои начинот на решавање на несогласувањата се состои од културално поддржување и оправдување на насилството.

Во Република Македонија стапката на убиства според *UNODC* била највисока во 2003 година и изнесувала 3,4% од вкупниот криминалитет, а најниска била во 2013 година и изнесувала 1,1 % од вкупниот криминалитет. И за крај, факторите кои придонесуваат едно лице да биде под потенцијална опасност да стане жртва на убиство се: полот, возраста, брачниот статус, емоционалноста, како и нејзиниот/неговиот придонес за извршување на делото убиство.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ( References )**

Блажевска А.,В. Криминалистички карактеристики на убиствата во Република Македонија Докторска дисертација

Boskovič, M., (2007) Kriminologija, Pravni fakultet, Novi sad.

Годишен извештај на МВР за 2018, 2019 и 2020

Димоски Д., (2015) Класифицирани убиства според начинот на извршување, Правен факултет Ниш

Државен завод за статистика. Преземено на 29 август 2021 година

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniStoriteli/275_SK2_Mk_T13_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=429e8c23-e5d1-4fda-b74c-124769f94fd7

Ignjatovic Đ., Simeunović – Patić B. (2015) Viktimologija – Opšti deo. Beograd,

Кошевалиска О., Максимова Е., (2018), Криминолошки аспекти на убиството на дете при пораѓање вршено од страна на жена, Штип,

https://eprints.ugd.edu.mk/20585/1/SO%20ole%20za%20repoz.pdf

Кривичен законик, Редакциски пречистен текст. 2020 година

https://pretsedatel.mk/wp-content/uploads/2020/03/Krivicen-zakonik.pdf

Leah E., D., (2018) Victimology The Essentials, Los Angeles, London, New Delhi, Singapore, Washington Dc, Melbourne

Legal Information Institute. Преземено на 01 септември 2021 година.

https://www.law.cornell.edu/wex/homicide

*UNODC*. Преземено на 22 август 2021 година

https://data*UNODC*.un.org/data/homicide/Homicide%20victims%20worldwide

Максимова Е., (2020) Жени што убиваат (или повредуваат) од позиција на жртви на семејно насилство, Штип, стр.6

https://eprints.ugd.edu.mk/23305/1/Microsoft%20Word%20-%20Maksimova%20Elena_%EF%BF%BD%259B%EF%BF%BD%2595%EF%BF%BD%259A.docx.pdf

*UNODC* (2014) page. 13. Преземено на 29 август 2021 година.

https://www.*UNODC*.org/documents/data-and-analysis/statistics/GSH2013/2014_GLOBAL_HOMICIDE_BOOK_web.pdf

Schwartz J., (2010) Murder in a Comparative Context

Каневчев М., Квалифицирани (тешки) убиства Правен факултет„Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" – Скопје

http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Metodija%20Kanevcev.pdf

**Табели, графикони и слики (Tables, Figures, Pictures)**




Слика 1: Стапка на убиства во Македонија и светот

Figure 1 Murder rate in Macedonia and the world

Слика 2: Табела од стапката на убиство во светот и во Македонија 1990-2018

Figure 2 Table of the murder rate in the world and in Macedonia 1990-2018

Victims of intentional homicide, rates per 100,000 population

| Region | Country | Indicator | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Europe | Republic of North Ma.. | Homicide rate | | | | | | | | | 2.4 | 1.9 | 2.3 | 2.7 | 2.9 | 3.4 | 2.4 | 2.1 | 2.2 | 2.0 | 1.7 | 1.7 | 2.1 | 1.4 | 1.4 | 1.1 | 1.7 | 1.2 | 0.9 | 1.5 | 1.2 |
| World | World | Homicide rate | 6.8 | 7.0 | 7.2 | 7.4 | 7.4 | 7.2 | 7.0 | 6.9 | 6.8 | 6.7 | 6.8 | 6.9 | 6.9 | 6.7 | 6.5 | 6.3 | 6.2 | 6.0 | 6.0 | 6.1 | 6.0 | 6.1 | 6.2 | 6.0 | 6.1 | 5.9 | 6.0 | 6.0 | 5.8 |

Табела 1: Стапка на извршени убиства во Македонија во периодот од 2017-2020 година

Table 1 Murder rate in Macedonia in the period 2017-2020 according to the State Statistical Office

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно осудени лица | 20 | 16 | 20 | 14 |
| Осудени лица –жени | 1 | / | 1 | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Осудени лица - мажи | 19 | 16 | 19 | 14 |
| Казни – вкупно | 18 | 16 | 19 | 14 |

| Графикон 1: Податоци за мажите и жените како извршители и како жртви на убиство |
|---|
| Chart 1 Data on men and women as perpetrators and victims of murder |

